# БОГОСЛОВСКО - ИСТОРИСКИ АСПЕКТ НА РАСКОЛОТ НА ЦРКВАТА ВО Р. МАКЕДОНИЈА И НЕГОВОТО НАДМИНУВАЊЕ

## 1. Расколот како спротиставеност на единството на Црквата

Источната (православната) Црква, соборноста ја поистоветува со Евхаристијата. Во Црквата е оној кој е во Евхаристијата и не можеш да бидеш во Црквата ако не учествуваш во Евхаристијата. Со други зборови, Евхаристијата е граница на Црквата, ако за Црквата воопшто може да се рече дека има граница[1]. Границата на Црквата не е ниту територијлна, ниту временска. Таа е единствено онтолошка. Тоа значи, или си во Црквата, односно во Евхаристијата и постоиш, или не си и непостоиш.

Но, што е тогаш со расколот кој има своја Евхаристија, па според логиката на погоререченото и тој би требало да е Црква? Расколот е повеќе противставеност отколку противречност. Противречноста е некако иманентна на Црквата, особено во нејзината иконичка онтологија. Црквата „е", ама и сеуште „не е" Царство Божјо. Но, противставеноста ѝ е потполно несвојствена

[1] „Црквата во тајните се објавува", вели Св. Никола Кавасила, Εἰς τὴν Θείαν λειτουργίαν, PG.150, 452D. Подобра дефиниција за Црквата нема. Но, тоа истовремено значи дека Црквата нема дефиниција. Нема граници. Таа се поистоветува со тајноводството, со Литургијата.

на Црквата. Расколот кој е противставеност, од внатре го подгризува црковниот идентитет. Ако црковниот идентитет е единството[2], тогаш расколот е директно насочен против него. Тој растура наместо да собира, дели наместо да спојува.

Флоровски во својот есеј „За границите на Црквата", наметнува едно неизбежно прашање. Претходно истакнувајќи дека учењето на Св. Кипријан Картагински за благодатта на светите тајни единствено во границите на Црквата, Црквата никогаш не го отфрлила, ниту го оспорила, тој се прашува, како е можно практичните заклучоци на Кипријан да не бидат примени и задржани во сознанието на Црквата[3]?

За да се одговори на ова прашање што секако е суштинско прашање за расколот, потребно е да се осврнеме малку повеќе на историско - богословските прилики по однос на расколите во новозаветно и постновозаветно време, до времето на Св. Кипријан Картагински. Во почетокот, Црквата била некако толерантна кон схизмите. За волја на вистината, тие схизми кои се опишани во Новиот Завет, ни од далеку не се слични со оние во понатамошниот тек на христијанската историја[4]. Иако во оригиналниот грчки текст се употребува зборот „σχίσμα" преведувачите на словенски, па и на другите јазици тоа го превеле како: раздор, односно расправија. Тоа е затоа што во почетокот на Новиот Завет схизмата се сфаќала како еден вид разлика на мислењата на поедини членови на Црквата, без опасност таквите разлики на мислењата да ја поделат заедни-

---

[2] По углед на единството на Светата Троица во Бога Оца, Црквата има единство во Христа, во телото Негово. Христос вели: „Сите едно да бидат, како Ти Оче што си во мене и јас во тебе, и тие во нас едно да бидат..." (Јован 17:21).

[3] Св. Кипријан Картагински е првиот кој темелно богословски се занимава со расколот. Поттикнат е да богословствува за единството и благодатта во границите на Црквата, токму од причина да најде решение за расколите во негово време. Но, како што секогаш било пракса во Црквата, богословието да биде длабоко поврзано со пастирските потреби, така и богословието на Св. Кипријан по однос на единството и расколот, иако некому може да му изгледа теоретско и академско, длабоко е пастирско и црковно, бидејќи не остава простор за сомнеж во безблагодатноста на расколите, а со тоа и неможноста да има спасение надвор од Црквата.

[4] Види: Јован 7:43; 9:16 и 10:19.

цата. Подоцна, во посланијата на ап. Павле, гледаме дека схизма не е само разлика на мислењата на поединци до некоја толератна граница, туку е извесна поделеност по групи[5].

Иако имало расколи и до времето на Св. Кипријан, сепак во историјата на Црквата, не се појави една толку јасна еклисиологија за единството колку онаа која тој ја постави. Но, треба да му се благодари и за нешто друго, за историската оставштина која ја остави по однос на сфаќањето за расколот, а која остана како ненадмината лекција по еклисиологија. Токму во таа негова историска оставштина, го препознаваме еклисиолошкото предание на Црквата, наследено од Св. Игнатиј Антиохиски и Климент Римски, според кое Црквата ја има следнава структура: епископ, презвитер, ѓакон и лаос или народ Божји. Клирот во кој спаѓаат презвитерите и ѓаконите, како и лаосот му се потчинети на епископот, но сосема согласно на Евангелието, „кој сака помеѓу вас да биде прв, нека ви биде слуга" (Мт.20:27), епископот бара совет (consilium) од клирот, а од народот бара само согласност (consensus)[6], но никого не занемарува и не изоставa. Црквата се собира во епископот во кого е секоја иницијатива, но тој ништо не прави сам, без другите[7]. Во изборот на епископот може да учествува и клирот, па дури и народот, но изборот на епископ постанува валиден само тогаш кога ќе биде признат од другите епископи кои неизоставно треба да учествуваат во изборот на епископ на помесна Црква[8].

Така, според Кипријан, а како што рековме, тој го следи целото предание на Црквата до негово време, епископот, католичката Црква, Христос и Бог се неразделно поврзани. Познат е неговиот заклучок: „кој ја нема Црквата за мајка, не е можно да го има Бога за татко" и „Кој не е со Црквата, не е ниту со Христа"[9]. Но, на друго

[5] Види: 1Кор. 1:10; 11:18.

[6] Epist 34 (28), 3-4.

[7] Ἰγνατίου Θεοφόρου, Πρός Μαγνησίους ἐπιστ., 7.

[8] Epist. 55 (52), 8.

[9] „Habere non potest Deum patrem qui ecclesiam non habet matrem" и „Qui alibi praeter ecclesiam colligit Christi ecclesiam spargit". De Unitate 6.

место дополнува и вели: „како и оној кој не е со епископот, не е ниту со Црквата“[10], па следствено на претходното не е ниту со Бога ниту со Христа. Таму каде што е епископот, таму е Црквата[11]. Со други зборови, Црквата е единствениот простор во кој се совршуваат тајните на спасението, но исклучиво од канонски воспоставената јерархија. Не е доволно според Св. Кипријан ниту само правилното исповедање на верата за некој да се нарече соборна Црква. Правилното исповедање на верата не е единствен критериум за соборноста на Црквата. Обратно, соборноста на Црквата е критериум за правилното исповедање на верата[12]. Обично расколниците, ја бранат состојбата на расколот со тврдењата дека не се разликуваат во исповедањето на верата од оние кои учат православно, односно дека ја чуваат истата догма. Меѓутоа, според Св. Кипријан, правилното исповедање на верата не е спасително, без да се има единство со Црквата[13]. Соборноста го опфаќа исповедањето на верата и учењето за неа, а православното исповедање не е посéопфатно и пошироко од соборноста. Поинаку речено, правата вера се открива и се потврдува само во соборноста. Не е значи возможно, како што сметаат некои расколници, дека може да бидеш православен, а да не бидеш во единство со соборната Црква.

Но, не само што надвор од соборноста на Црквата нема православна вера, туку ниту тајните кои се совршуваат не се валидни бидејќи во ереста и во расколот отсуствува Светиот Дух. Ова особено го разработува Св. Кипријан кога пишува за крштението кај расколниците. Дури и да претпоставиме, вели, дека е можно раскол-

[10] ,,Si qui cum episcopo non sit, in ecclesia non esse...”. Epist. 66 (69), 8.

[11] ̓Ιγνατίου Θεοφόρου, Πρός Σμυρναίους, 8.

[12] Види: Ζηζιούλα, Ιω, ʽΗ ἑνότης τὴς ἐκκλησίας ἐν τὴ Θεία Εὐχαριστία καὶ τω ἐπίσκοπω, κατὰ τούς τρείς πρ–τους αἰ–νας, ̓Αθήναις 1990, стр. 128.

[13] Св. Кипријан го разгледува прашањето дали е доволна правата вера за спасение на човекот, некаде околу 255г. кога се јавува проблемот со валидноста на крштението на расколниците. Тој е категоричен дека еретиците и расколниците немаат ниту право, ниту сила да крштеваат. Види: Epist. 69 (76), 1. Ова прашање веќе беше третирано триесетина години пред тоа, од Африканскиот синод (Синодот во Картагена 220г., како сведочи Св. Кипријан во Epist. 73,3 и Epist. 74,1), и од синодот во Мала Азија (Epist. 75,9).

ниците да се крстат, тогаш никако не е можно да се здобијат со Дух Свети, зашто Духот Свети е само во Црквата. Да се крстиш, а да не го здобиеш Светиот Дух исто е како и да не си се крстил[14]. Крштението е отпуштање на гревовите, а гревовите се отпуштаат само од оние кои се стекнале со Светиот Дух, согласно со Јован 20, 22. Токму од тоа се лишени оние кои се надвор од соборната Црква[15].

Во прашањето за валидноста на кршението кај расколниците и еретиците, во времето на Св. Кипријан се замешаа и други помесни Цркви, но речиси сите ја прифатија неговата еклисиологија. Прво тоа го направија епископите од Африка на синодите одржани 255 и 256г. Заклучоците на тие синоди се сведоа на следново: Соборната Црква е единствена област на дејство на Светиот Дух и заради тоа има единствена сила да има право учење и свети тајни[16]. Исто така, и сите Источни помесни Цркви одлучија да го следат Св. Кипријан во неговата еклисиологија[17]. А, таа еклисиологија, како што вели Митрополитот Јован Зизиулас има во главно две потпоришта:

1. „Наспроти расколот, Соборната Црква располага со полнотата на телото Христово (најстаро поимање на соборноста), меѓутоа, тоа не се објавува само како единство во Евхаристијата, или во правата вера и во епископот, туку како полнота и самодоволност на секое спасително дејство на Светиот Дух, изразено преку единството на секоја Црква со епископот, на кого и се полага Црквата.

2. Расколниците се наоѓаат надвор од Црквата и следствено не е можно да стане збор за нивно учество во областа на телото Христово. Од таму, не постои суштинска разлика од еклисиолошка гледна точка, помеѓу расколот и ереста. Она што го интересира Кипријан е тоа што и двете се поставуваат надвор од Црквата. Од фактот што Црквата е единственото тело Христово, тогаш оној кој се најде надвор од Црквата се става надвор од Христа и надвор

[14] Epist. 69 (66), 10.

[15] „cuncti haeretici et schismatici non dant Spiritum sanctum". Epist. 69 (66), 11.

[16] Epist. 70, 3.

[17] Јевсевије Памфил, Црквена историја, Београд 1871, VII, 5, стр.78-80.

од спасението.“[18]

Во еклисиологијата на Св. Кипријан, канонските и суштинските граници на Црквата се совпаѓаат. А, тоа совпаѓање се докажува во единството на секоја помесна Црква во едната Евхаристија совршувана од еден епископ. Секој кој не учествува во таа Евхаристија, совршувана од канонски епископ, признат од другите епископи на Црквата Божја во вселената, и прави друга евхаристија под друг епископ, тој е расколник и во канонска, но и во суштинска, догматска смисла. Од причина што Црквата е една, бидејќи едно е телото Христово, тоа, секое заедничарење во друга евхаристија под друг епископ, нема врска со телото Христово.

Неспорно е дека православната Црква нема воедначена пракса на прифаќање на расколниците. Во некои средини кои се застапници на „црковната акривија“, расколниците се примаат преку повторно крштевање. Следствено, ниту една света тајна извршена во расколот не се смета за валидна. Меѓутоа, на поширокото подрачје на православната Црква, се применува извесна икономија по однос на расколниците. Не само крштението, туку и миропомазувањето и останатите свети тајни, па дури и ракополагањето на свештенослужители и епископи се прифаќа за валидно, секако откако расколниците ќе пристапат во единство со Црквата и откако се провери дека имале апостолско преемство.

Икономијата е предизвикана од пастирските потреби на Црквата. Таа е во суштина човекољубие кое е неопходно за спасение на светот. Но, правејќи икономија во расколите, не правиме ли уште поголем грев? „Ако безблагодатната пустош, вели Флоровски, почнува веднаш зад канонските граници на Црквата, и сите схизматици не биле ниту крстени и сé уште пребиваат во предкрштелниот мрак, тогаш совршената јасност, строгост и истрајност во дејствата и судовите на Црквата се уште понеоп-

---

[18] Ζηζιούλα, Ιω, ‘Η ἐνότης τὴς ἐκκλησίας ἐν τὴ Θεία Εὐχαριστία καὶ τω ἐπίσκοπω, κατὰ τούς τρείς πρ–τους αἰ–νας, ’Αθήναις 1990, стр. 133.

ходни“[19]. Со други зборови, ако крштението и другите свети тајни извршени во расколот навистина се невалидни, бидејќи се извршени надвор од канонското подрачје на Црквата, тогаш, зошто некаде во православната Црква тие се признаваат? Само затоа ли да им се олесни да го направат решавачкиот чекор? Да пристапат непосрамотени кон Црквата? Зар е можно, тогаш, таквиот мотив да се признае за достоен, убедлив и благословен? Ако тие се примаат само заради горенаведеното, тогаш тоа би било многу опасна и непромислена попустливост[20]. Што би добиле, впрочем, оние кои на таков начин би пристапиле во Црквата?

Додека Истокот речиси целосно ја прифатил еклисиологијата на Св. Кипријан, Запад, од времето на римскиот епископ Стефан, а подоцна тоа го поддржа и Августин, направи разлика помеѓу харизматичната и канонската област на Црквата. Така, според нив, некој може да биде во канонски раскол, но да учествува во харизматичната област на Црквата. Денес, како во православната, така и во римокатоличката Црква, на расколите се гледа многу попопустливо отколку што тоа било во времето на Св. Кипријан Картагински. Оттаму и дилемата на Флоровски која ја наведовме погоре: Како е можно светите тајни извршени во расколот да бидат прифатени како полноважни, кога истите се извршени во безблагодаттно подрачје, односно, надвор од границите на Црквата?

Римското богословие, секако под влијание на блажени Августин, допушта и признава дека и во расколите, па дури и во ересите, апостолското преемство се запазува и свете тајни извршувани од нивните свештенослужители не се потполно безблагодатни[21]. Како

---

[19] Флоровски, Г., За границите на Црквата, Соборност, бр.1-2/2001, Велес 2001, стр.29.

[20] „Тоа би било повеќе ласкање на човековата слабост, вели Флоровски, на самољубието и маловерието, неискреност дотолку поопасна, што го создава целиот привид на црковното признавање на важноста на схизматичките тајни и свештенодејства, и тоа не само во поглед на прифаќањето на схизматиците или надворешните, туку и во свеста на најголемото црковно мнозинство, како и на црковните власти.“ Флоровски, Г., За границите на Црквата, Соборност, бр.1-2/2001, Велес 2001, стр.29.

[21] Augustin, S., In Ps. 32, Enarr. II, 29; PL. 36, 299.

и по многу други теми, така и по ова прашање, православната еклисиологија, за време на туркократијата била под влијание од римокатоличката. Истокот особено низ долгата историја на Византија, на многу пати докажал дека не се одрекува од еклисиологијата на Св. Кипријан Картагински по однос на расколот, но, во вековите после падот на Константинопол покажа одредена немоќ да го одржува и развива сопственото автентично богословие и строгоста кон прифаќањето на расколниците. Во тоа време, Црквата беше поставена во многу незавидни политички услови и најверојатно тоа ја натера повеќе да работи на единството, но истовремено и да биде попопустлива кон расколниците и еретиците.

Свети Августин развива учење дека и во тајните на расколниците Црквата дејствува. Едните таа ги раѓа внатре во себе, а другите таа ги раѓа надвор од себе, но и едните и другите се родени од истата мајка, Црквата[22]. Таа ги поврзува и едните и другите со двојна врска: преку единството на Духот и сојузот на мирот[23]. И додека сојузот на мирот во расколот е раскинат, единството на Духот во светите тајни, според Св. Августин останува нераскинато. Но, и покрај тоа што расколот останува соединет со Црквата во благодатта на светите тајни, како што смета Св. Августин, тој се претвора во осуда, штом ќе се исцрпи љубовта и соборноста. И покрај првичната разлика помеѓу Св. Кипријан и Св. Августин по однос на учењето за благодатта во расколот, двајцата се согласни дека во расколот сепак нема спасение. Св. Кипријан тој заклучок го изведува низ еден порадикален метод[24], додека Св. Августин тоа го прави поблаго, но и според двајцата, светите тајни извршени кај расколниците се неделотворни. Според Св. Кипријан затоа што тие тајни се извршени надвор од канонското подрачје на Црквата

[22] Augustin, S., De bapt., 1,15,23.

[23] Ефес. 4:3.

[24] „Оној кој се наоѓа надвор од Црквата, би се спасил толку колку што би можел да се спаси некој кој се наоѓал надвор од ковчегот на Ное". Кипријан Картагенски, Св., За единството на Църквата, София 2000, стр. 9.

кое се поклопува со благодатното подрачје, а според Св. Августин, затоа што во расколот и разделувањето секнува љубовта, а надвор од љубовта спасението е неможно. Со други зборови, и покрај тоа што расколниците може да имаат Свето Писмо, свети тајни и право учење за верата, тие немаат спасение. Барем така сметаат и Св. Кипријан Картагински и Св. Августин Ипонски.

По сé изгледа дека не е најдобро да се рече оти во расколот воопшто нема благодат. Но, таа благодат повеќе би ја нарекле благодат која е во потенција, отколку благодат која е делотворна. Благодатта која постои во расколот, всушност е потенцијална и го чека моментот расколот да се исцели за да постане делотворна. Веројатно и надвор од границите на Црквата благодатта сé уште се протега, зашто Духот дува таму каде што сака[25], и изгледа престрого, но и многу обврзувачки за слободата на Светиот Дух, ако се каже дека надвор од Црквата нема никаква благодат. Но, со сигруност може да се каже нешто друго, дека таа благодат е во доза за билошки опстанок, благодат која се дава не во изобилство и полнота како што тоа се прави во Црквата, туку со цуцла, како што се ранат бебињата. Не е таа благодат дар на посиновувањето, туку храна неопходна да преживее робот. Така, не е добро да се рече дека во расколничките свештенотајни не се извршува ништо, зашто во таков случај тоа би било не просто театарска претстава, туку и хула на Светиот Дух. Но, тоа што се извршува нема сила да обновува и преобразува, нема сила да спасува и соединува, туку има само потенција за тоа. Дејството на свештенотајните ќе стане делотворно дури откако расколот ќе се исцели.

Оној кој принесува и кој се принесува е самиот Христос[26]. Тој ја совршува секоја света тајна во Црквата, меѓутоа бидејќи е потребна и видлива форма на извршувањето, тоа го прават свештенослу- жителите. Што значи не зависи успехот и благодатта на некоја света

[25] Јован: 3:8.

[26] Види ја молитвата „Никој не е достоен...“ која се чита кога на Литургијата се пее Иже херувими.

тајна од достојноста на свештенослужителот. Значи ли тоа дека и во светите тајни на расколниците, Христос е тој кој свештенодејствува, и ако е тоа така, како може тогаш да се рече дека во светите тајни извршени во расколот нема спасение?

Точно е тоа дека Христос е Големиот Архиереј и свештенослужител во Црквата. Точно е и тоа дека јерархијата поставена со апостолско преемство ја врши само видливата форма на светата тајна. Благодатта е Божја и во тоа нема сомнеж. Меѓутоа, ако смееме така да речеме, количеството на благодатта која исходи од тајните кај расколниците не е доволна за восовршување, за постигнување на конечната цел, обожување и спасение. Повеќе би рекле, благодатта во тајните на расколниците е благодат на поттикнувањето отколку благодат на восовршувањето и обожувањето. Неопходна е не само заради простото биолошко преживување, зашто без неопходниот минимум благодат не може да живее ниту едно створено битие, туку и како залог на Божјата љубов кон расколниците, која без разлика на сé не оладела и не се исушила потполно[27]. Отецот го чека блудниот син да се врати и „сé негово да биде на синот". Бог, значи, не се затворил кон расколниците иако е претпазлив и не им ги дал клучевите од сите ризници. Трпеливо чека да се покајат и да ги прими во заедницата на телото и крвта Негови. Затоа, преку светите тајни им дава благодат на поттикнување за покајание. Но, бројот на расколници нема никаква улога. Човекољубивиот Бог кој остава деведесет и девет овци и оди по едната загубена, не се смилостува само заради тоа што има многумина кои се во раскол. Повеќе него го умолува согласието на малкумината кои се во Црквата, значи во телото Христово, отколку на многуте кои молат несогласно едни на други од причина што самата состојба на раскол ги растурила до таа мера да немаат

[27] Сепак, ништо не може да го разгневи Бога повеќе од расколот во Црквата и раскинувањето на многу делови на Христовата одежда, вели Св. Јован Златоуст, ‘Υπόμνημα είς τὴν πρός Ἐφεσίους ἐπιστολὴν είς όμΐίας ΚΔ’, PG. 62,85

ниту соборна молитва[28].

Но, гревот во кој се паѓа со расколот, честопати потполно ја помрачува совеста на расколниците и тие не можат да ја разликуваат поттикнувачката од восовршувачката благодат. Затоа, расколниците се минималисти или во најдобар случај медиокритети. Да не бидеме погрешно протолкувани, овде зборуваме за духовно медиокритетство, за пореметен критериум за подвижничка љубов и совршенство. Примајќи го количеството на благодат неопходно за да се преживее биолошки, расколниците постануваат самозадоволни и без желба за восовршување и обожување. Затоа и нивниот критерум за црковниот идентитет кај нив е толку лабилен. Го мешаат еклисиолошкото со биолошкото битие, црковниот со световниот идентитет. Благодатта која им се дава во светите тајни, која е поттикнувачка за покајание, наместо да ја исползуваат за враќање во соборното тело на Црквата, тие ја расфрлаат по безвредни цели, „пред кучињата и свињите“[29]. Така, благодатта која им се дава, наместо за спасение им постанува за суд и осуда. И, ако некој праша, зошто тогаш воопшто им се дава благодат низ светите тајни кога во најголем број случаи, за расколниците тоа е за суд и осуда?, одговорот е во тајната на Божјата милост и љубов. За да немаат изговор дека биле отфрлени, туку да се докаже дека самите се отцепиле од единството. Да се објави дека Бог ги чека како свои синови, да се вратат и да ги прими во заедницата на Црквата, но дека тие се безумни и крадат од она што фактички ним им припаѓа, делот од богатството на нивниот Отец кое е за нив наменето го трошат во „далечна земја... развратно“[30], неповратно и без никаква

---

[28] Св. Кипријан Картагински вели дека со зборовите: „каде се двајца или тројца собрани во мое име, таму сум и Јас посред нив“ (Мт. 18,20), Господ покажува оти, Тој е повеќе со двајца или тројца кои еднодушно се молат, отколку со поголем број на различномислечки, и дека повеќе може да биде испросено од согласната молитва на малкумината, отколку од несогласното молење на многуте. Киприjан Картагенски, Св., За единството на Църквата, София 2000, стр. 16.

[29] Мт. 7:6.

[30] Лука 15:13.

полза. Затоа, не е можно да се рече дека схизматиците се сé уште во Црквата. Тоа е неточно и двосмислено, но можно е веројатно да се рече дека во расколите Црквата продолжува да дејствува „во очекување на таинствениот час кога ќе се растопи тврдокорното срце од топлината на благодатта и ќе се запали и разгори волјата и жедта за соборност и единство[31].

Схизмите во нашава современост, многумина сакаат да ги сместат во дисциплинарниот, односно канонскиот оддел на црковниот живот. Со тоа се сака само да се намали тежината на одговорноста на расколниците за евентуално полесно да се дојде до решение и единство. Сепак, уште од големиот раскол во 1054г. со римокатоличката црква, од кој раскол подоцна се изродија многу други, во расколничкиот дел од Црквата, почна да егзистира и соодветна расколничка свест која постојано се труди да ја затапи одговорноста на расколниците. Во првата половина на 20-тиот век почнаа да се јавуваат дури и теории со кои се имаше за цел потполно да се избрише границата помеѓу соборноста и расколот. Една од тие теории е познатата: Church branch theory, според која схизматичките цркви се само гранка од едната соборна Црква. Но, за волја на вистината, не треба таа теорија да се припишува само на неспособноста на западните богослови да богословствуваат без апологија на состојбата на раскол во која западнале. Повеќето од доказите на споменатата теорија веќе биле употребени низ историјата на схизмите. Па и во последните схизми од 19-тиот век, предизвикани најчесто од етнофилетистички побуди.

---

[31] Сакајќи да покаже дека блажениот Августин не е во спротиставеност со Свети Кипријан Картагински, но и со целокупното византиско богословие по однос на расколот, Георгиј Флоровски ќе напише: „Една работа неопходно е добро да се запамети: Блажениот Августин, тврдејќи дека тајните и самата јерерхија во расколите има „полноважност“, воопшто не ја омекнувал и не ја бришел границата што ги разграничува раколот и соборноста. И тука не станува збор толку за канонска, колку за духовна граница, соборната љубов во Црквата или сепаратизмот и отуѓувањето во схизмата. За Августин, ова е границата на спасението...“ Види: Флоровски, Г., За границите на Црквата, Соборност, бр. 3/2001, Велес 2001, стр.12.

Историски е фактот дека многу од расколите кои останале нерешени подолго време прераснале во ерес. Затоа, во искуството на Црквата, расколниците многу често се поистоветувале со еретиците. На прв поглед изгледа како да постои една спротиставеност помеѓу 6-тиот канон од II Вселенски собор и првото правило на Св. Василиј Велики кога говорат за еретиците и расколниците. Меѓутоа, епископот Никодим Милаш толкувајќи го ова правило со право не се согласува со Валсамон кој сака да ги доведе до согласност овие две правила преку градација на расколите. Оние за кои зборува 6-тиот канон се расколници кои само се претвараат дека веруваат и учат православно, вели Валсамон, а во суштина се еретици, додека оние за кои говори Св. Василиј по верата се православни, но заради некое недоразбирање се одвоиле од братството. Но, епископот Никодим пишува: „Ова правило не само што не е спротиставено на правилото на Василиј Велики, туку и го потврдува. Во него отците јасно означуваат дека треба да се разликуваат еретиците од расколниците и од оние кои прават незаконити собранија, зашто посебно ги споменуваат едните, посебно другите, а посебно третите. Само што отците не ги разбираат овде еретиците во обична, тесна смисла, туку во широк смисол, така што тука се подразбираат не само признатите еретици, туку и расколниците и оние кои составуваат незаконити собранија. Според тоа, мислата на отците би можела вака да биде изразена: ние забрануваме да бидат поднесувани тужби против епископот на сите еретици, подразбирајќи ги по називот еретици не само оние кои во суштина се такви, и кои ние или нашите отци, за нивното лажно учење сме ги осудиле, туку и сите оние кои се во раскол, како и оние кои составуваат незаконити собранија против канонски поставените епископи, и покрај тоа што тие се прават дека ја исповедаат православната вера.[32]“

---

[32] Милаш, Н., Правила православне Цркве с тумачењима, књига I, Нови Сад 1895, стр. 261.

Всушност, многу е тенка границата помеѓу ереста и расколот. Многу расколници во почетокот се држат православно, а со тек на времето постануваат еретици. Изолацијата од соборното живеење ги прави да им затапи критериумот за вистинското исповедање на верата[33]. Најевидентен пример како расколот преминува во ерес е расколот на римокатоличката Црква, а потоа и сите други расколи кои произлегоа од тој раскол и прераснаа во големи и соблазнителни ереси. Многу е тешко да се чува правата вера во состојба на изолација и некомуникација. Изолираните не можат да ги ползуваат плодовите на соборноста и на Духот Свети и тие се топат во нивната самозадоволност. Свесни се за тоа дека ним не им припаѓа полнотата на даровите на соборната Црква и затоа се обидуваат кришум да ги присвојат. Расколниците помеѓу другото се и дрски присвојувачи на туѓо. Ништо не вложиле за да изникнат плодовите на соборноста, а сакаат да ги употребуваат тие плодови без никаква грижа на совеста дека не ги заслужиле. Сакаат да го ползуваат целото наследство на Црквата, а самоиницијативно се одрекле од истото тогаш кога го направиле расколот. Сакаат дури и да не ги нарекуваат расколници, а сепак да не ги отфрлат причините кои ги довеле до раскол. Но, ним Црквата не им верува затоа што се непријатели на Црквата, како што вели Св. Атанасиј Велики кога говори за расколниците мелетијани кои го обвинуваа[34].

Создавањето на национални Цркви во 19-тиот век, во многу го поремети принципот на соборноста. Почна да се смета за нормално синодалноста да се ограничува со границите на државата на соодветната национална Црква. Се изгуби градацијата на соборноста. Помесните Цркви, или во малку подобар случај, Црквите организирани на територијата на една држава, почнаа да

[33] „Раскол или схизма, вели Блажени Августин, не може да се случи ако не се прави нешто спротивно на преданието. Затоа схизмата е вкоренета во ереста." Види: Augustin, Cotra Crescon. grammatic. lib. II, cap.7.

[34] Афанасий Великий, Защитительное слово противь ариань, Творения в четырех томах, том I, стр. 301.

се третираат за апсолутно независни. За среќа едниот принцип на соборноста, евхаристиското единство во епископот се задржа и во најтешките времиња за Црквата. Меѓутоа, со оној вториот, евхаристиското и канонско единство на помесните Цркви во вселената, веќе има многу потешкотии. Затоа е и толку тешко да се организира Вселенски собор.

Во православната Црква, Соборот не е на местото на Папа кој го има римокатоличката Црква, а како што тоа го мислат многумина[35]. Тој не е некоја надлитургијска институција. Не е значи некоја власт над помесната Црква. Ова се гледа од фактот што ниту еден Синод, па ниту оние Вселенските, не можеле да се мешаат во внатрешните работи на една помесна Црква. Соборот само го изразува црковното едномислие, взаемност и единство, а не е некоја власт над помесните Цркви. Кога велиме помесни Цркви, не мислиме помесни од аспект на месни патријархати, или архиепископии или Цркви организирани во границите на една држава, туку помесни од аспект на православната еклисиологија според која секоја Црква возглавена со епископ, а која покрај епископот во структурата има свештеник, ѓакон и народ Божји ја третира како помесна или локална Црква. Друга работа е што се јавувале, а веројатно и сé уште ќе се јавуваат обиди за супервизија врз внатрешните работи на една помесна Црква. Но, тоа се погрешни примери и се должат на погрешното разбирање на синодалноста. Уште св. Кипријан Картагински во третиот век постави еден почеток, некој ќе рече предизвикувачки, дека секој епископ е слободен да ги уреди работите во својата епископија така што за тоа ќе му поднесе сметка само на Бога.

Секое исклучување на некоја помесна Црква да учествува на

[35] Има дури и теолози кои сметаат дека соборот на православната Црква ја има улогата која во римокатоличката ја има папата. Меѓутоа, тоа е така само кај старокатолиците кои на Првиот Ватикански концил се одделија од римокатолиците и не ја признаа безгрешноста на папата. Но, отидоа во друга крајност па на местото на папата го поставија Синодот или она што го викаме conciliarismus.

Соборот претставува еклисиолошка повреда. Секој обид некои епископи да се исклучат од учеството во Соборот, а одлуките кои ги донесуваат неколку други, т.н. синодални епископи, да бидат обврзувачки за сите претставува голема опасност и еклисиолошки аномализам и сериозно загрозување на еклисиолошкиот темел каков што е синодалноста. Меѓутоа, уште поопасно еклисиолошко поткопување е кога некои помесни Цркви, претставувани од своите епископи, по своја волја одбиваат да учествуваат во соборот на епископите на една поширока територија, без разлика од која причина тоа го прават. Најчесто тоа денес се прави од етнофилетистички причини. И прашањето на автономијата или автокефалијата на некоја Црква, најчесто е поттикнато од етнофилетистички причини. Така, етнофилетизмот стана најголем поттикнувач за раскол.

Но, не треба да се заборави дека Црквата има градација во соборноста и на тој начин го чува единството. Поголеми собори се оние на кои се собираат епископи од поширока територија, без оглед на државните граници, а одлуките од таквите собори се померодавни од одлуките на помалите собори на кои се собираат епископи од потесни територијални граници[36]. Да речеме, митрополитските собори биле, а и сега се, со понизок ранг од патријаршиските односно егзархиските. Секако најголем се третира Вселенскиот собор во кого учествуваат епископи од целата вселена и одлуките на тие собори се највлијателни.

## *2. Хронологија на схизмата на Црквата во Р. Македонија и нејзиното надминување*

### а) Историско - политички замешателства

Не може да се говори за схизмата на Црквата во Р. Македонија, без претходно да се има барем едно минимално познавање од

[36] Во многу канони кои се донесувани на Вселенските или помесните собори се нагласува таа градација на одлучувањата секако со поголема важност на одлуките на Соборите на поширока територија. Погледај ги каноните: II 6; IV 9, 17; Антиох. 14;

историјата на народот кој живее на таа територија. Без претензии нашиов есеј да прерасне во историска расправа, неопходно ќе биде да се осврнеме врз неколку базични дилеми кои стојат во историјата на народот кој живее на територијата на Р. Македонија, а кои во многу придонеле како во тоа за да се појави, така и за сé уште да постои схизмата на дел од Црквата во Р. Македонија. Дилемите кои овде би сакале да ги поставиме беа табу тема во историјата на Социјалистичка Република Македонија, но за жал, такви останаа до денес, прво затоа што на многумина им изгледаат тешки за решавање, второ, затоа што и оние кои имаат некакви решенија по тие дилеми, немаат доволно храброст да ги изнесат бидејќи тие решенија може да бидат декларирани како опасни по иднината на државата, без притоа некого да го заинтересира за нивната вистинитост. Од времето на комунистичкото ропство, некако како да навикнавме да живееме во лагата и со лагата, така што сега за многумина атмосферата на вистината е неподнослива, зашто бара внатрешна радикална промена, пренасочување на енергиите, или со теолошки речник кажано, покајание и преобразување.

Без разлика на тоа колку овој народ, а ќе го наречам мојот народ за да покажам дека и во добро и во лошо ја делам судбината со него, бил угнетуван, и измачуван, и понижуван, и злословуван, без разлика на тоа дали имал свест дека треба да има своја држава или се покажувал незрел за тоа, без разлика дали бил храбар и со желба да живее во слобода, или бил плашлив и трпелив, една многу важна дилема на неговиот пат кон иднината сé уште не ја решил. Тоа е дилемата: каква е врската на Македонците со Словените? Со други зборови, можеш ли да бидеш и Македонец - староседелец и Словен - дојденец, или има нешто неспоиво во таа комбинација?

Секако дека нема да ни биде цел да влеземе подлабоко во испитување на овој проблем, бидејќи целта ни е сосем поинаква, но дури и делимичната анализа на таа тема во многу ќе ни помогне за одговорите на проблемот на схизмата на Црквата во Р. Македонија.

Би било можно да се тврди дека црковниот раскол во Р.М. е предизвикан од националниот раскол на битието на луѓето кои живеат на територијата на денешна Р.М. На комунистичката власт после 1945г. потребно ѝ беше да создаде историја за територијата на тогашна Народна Република Македонија. И наместо таа да се гради врз документи и факти, таа почна да се пишува за потребите на тогаш создадената држава. Сакајќи да се покаже дека жителите на територијата на тогашна НРМ се браќа со другите југословенски народи, ги нарекоа Словени. Додуша, тоа беше само продолжеток на панславистичката пропаганда која ја започна Русија преку новосоздадената Бугарска држава во 19-тиот век. Тоа можеби и не ќе беше толкав проблем ако од друга страна не се инсистираше да се докаже и спротивното, а тоа е дека населението на горе-споменатите простори има потомство од древните Македонци.

Територијата на денешна Р. Македонија и географски и демографски е поволен простор за да се јави споменатата дилема. Не може да се каже ниту дека на таа територија не живееле древните Македонци, ниту да се каже дека на таа територија не продреле Словените. Но, да се сака да се присвои само името на древените Македонци, без да се учествува во нивната култура, која од времето на Александар Велики, а веројатно и пред него, била исклучиво грчка, изгледа неразумно и неосновано. Да не се има предвид дека Евангелието на просторите на денешна Р. Македонија кое стигнало во времето на апостол Павле било на грчки јазик, да не се знае дека во времето на раѓањето на царот Јустинијан, во Скопје се зборувало на грчки јазик, да не зборуваме за Битола (Ираклион) или за Стоби, да се нема сознание дека археолошките споменици, најдени на територија на Р.М. од времето на почетокот на христијанството па сѐ до доаѓањето на словените сведочат за употребата на грчкиот јазик на населението кое живеело таму, во науката се нарекува непознавање, а во политиката, тенденциозност. Факт е значи дека културата која се создавала на споменатите простори од почетокот на хрис-

тијанството, но и пред тоа, била грчка. Секако не грчка од аспект на денешното тесно разбирање на нацијата и нејзината култура, туку грчка од аспект на ширината на црковното доживување на Бога и на светот, од аспект значи на теологија, со која неразделно се поврзал грчкиот јазик во Источното Римско Царство, од почетокот на христијанската ера. Територијата на денешна Р.М., долги векови била во составот на Источното Римско Царство. Во тие векови градена е една неспорно возвишена култура. Меѓутоа, потребно е минимална доза на чесност за да се признае дека целата таа култура која се јавува во најразлични форми до доаѓањето на Словените, на територијата на денешна Р.М. била од грчки происход, повторно напоменувајќи дека друго е грчка нација која е создадена во 19-тиот век, а друго е грчка култура која е производ на духот на различни народи, кои и покрај тоа што биле различни по род ги обединувало тоа што имаат ист јазик, грчкиот, и тоа уште од времето на Александар Велики.

Доаѓањето на Словените прави одредени мешања на народот на споменатата територија. Словените ја примиле верата и културата на староседелците, но по сé изгледа тешко им било да го научат јазикот. Сепак, го прифатиле менталитетот и начинот на живот на староседелците и почнале терминологијата на размислувањето и на говорењето да ја прилагодуваат на новите вредности кои ги примиле како вера, култ и култура. Ни се чинат тенденциозни претпоставките дека немало мешани бракови меѓу староседелците и новодојдените Словени, туку дека Словените ја примиле само верата и културата од староседелците, како што исто така изгледа неверојатно дека Словените целосно го потиснале грчкиот карактер на македонското население кое го затекнале на тие простори[37].

---

[37] Најнови нам познати истражувања за тоа што означувале имињата Македонија и Македонци или македонски, во средниот век, прави професорот Тарнанидис во книгата: ΟΙ “ΚΑΤΑ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΝ ΣΚΛΑΒΗΝΟΙ” ΙΣΤΟΡΙΚΗ ΠΟΡΕΙΑ ΚΑΙ ΣΥΓΧΡΟΝΑ ΠΡΟΒΛΗΜΑΤΑ ΠΡΟΣΑΡΜΟΓΗΣ, ἐκδ. Αδελφ. Κυριακίδη, Θεσσαλονίκη 2000, стр. 25 –47., анализирајќи ги местата во целиот курс на Мињеовата Патрологија каде се споменуваат двата споменати термини. Анализата покажува дека не само во предхристијанско време, туку и во времето на постоењето на Источното Римско царство, Словените ниту себе си, ниту од другите биле нарекувани Македонци. Македонци биле нарекувани само оние жители на Византија кои говореле на грчки јазик.

Чиниме дека најголемо замешателство се направи кога комунистичката историографија на повоено конституираната Народна Република Македонија почна да го нарекува Самуила цар Македонски и покрај тоа што тој сам се сметал за цар Бугарски, а бил поразен од Василиј II Македонецот Бугароубиец. Значи ли тоа дека Самуил водел братоубиствена војна, Македонци против Македонци, или пак, во контекстот на погоренаведените истражувања, Македонците во негово време се разликувале од Словените?[38]

Од разбирањето на овој историско-политички проблем, во многу ќе зависи и тоа каков став ќе имаме кон решавањето на проблемот со схизмата во Р. Македонија. Сето тоа е поврзано затоа што речиси ниту еден раскол не е само еклисиолошки проблем туку истовремено и политички. Од друга страна и самостојноста на една Црква, зависи од самостојноста на територијата на која Црквата времено пребива. Затоа чиневме за неопходно, без ползување на некаков научен апарат за решавање на горенаведениот проблем, да го споменеме истиот како постоечки, зашто за многумина, тој проблем како историски, така и политички е сé уште нерешен. Веројатно никој нема право на жителите на денешна Република Македонија да им забрани да се чувствуваат како Македонци, меѓутоа треба сами да си го решат проблемот дали се Македонци или Словени, зашто да мислиш дека си Словен, а да го ползуваш името Македонец изгледа неосновано и незрело.

### *б) Расколот на Македонската Православна Црква како производ на историско - политичките замешателства*

Првиот црковно - народен собор е свикан по налог и непосредна

[38] Можеби некој ќе примети дека цар Самуил по потекло бил Ерменин, па веројатно затоа не се чувствувал Македонец? Но, нема податок дека некој од оние кои го ползувале словенскиот како јазик на меѓусебна комуникација, барем во времето до падот на Константинопол, себе си, или пак другите го нарекувале Македонец. Самуил од никого не е наречен Македонец, а наспроти него, еден друг Еременин и цар византиски, Василиј I (867-886), наречен е Македонец, затоа што е роден и живеел во Македонија, но зборувал грчки.

поддршка на комунистичкиот режим. На 04.03.1945г. во Скопје биле собрани околу 300 делегати од цела Н.Р. Македонија, како и претставници на власта на чело со председателот на АСНОМ, Методиј Андонов Ченто, претставник на војската, полковникот Панче Недељковиќ, во име на римокатоличката црква, Алојз Турк, подоцнежниот бискуп белградски, а во име на муслиманската заедница, скопскиот муфтија Саид Идриз[39]. Како што се гледа на црковно - народниот собор присутни биле претставници на власта и на многу религии, немало само православни епископи. На секој кој барем малку ја познава еклисиологијата и канонското право на православната Црква, јасно ќе му биде дека тоа собрание било повеќе политичко отколку црковно. Нормално, СПЦ на Епископската конференција свикана по тој повод, 12.03.1945г. тој собор го прогласува за неканонски, бидејќи не е свикан од епископ и на него не присуствува ниту еден епископ, што е неопходен услов за соборот да биде канонски. Но, ниту за време на соборот, ниту подоцна, немало консензус за тоа што се бара, автономија или автокефалија. Многумина од свештениците во Македонија биле свесни дека апсолутната самостојност го руши канонскиот поредок на православната Црква, но и тоа дека не одговора на федеративното уредување на државата Југославија.

Противцрковниот и неканонски поредок во Н.Р. Македонија можеби не започнува тогаш кога е свикан првиот црковно - народен собор, туку оној момент од кога почнува да се забранува на Литургијата да се споменуваат имињата на канонски признатите архијереи. Расколот всушност и не е ништо друго, туку губење на заедницата со епископот и со Бога[40]. Така, се стигна до ситуација, правата на епископот дадени со канони на Црквата да ги приграби некаков „иницијативен одбор“. Тој одбор преместувал свештеници

[39] Политика, бр. 11919, 8 март 1945.

[40] Познато е дека свештеникот Богатин Атанасовски кој бил на служба во храмот Св. вмч. Димитриј во Битола, требало да даде изјава по чија дозвола го спомнал на Литургија името на српскиот патријарх Гаврил кога му се познати односите помеѓу двете Цркви? Дали е тој за Македонската Црква или пак е своеволно против неа?

и ги праќал на најлоши парохии оние кои не биле приврзаници за апсолутна автокефалија на Црквата во Н.Р. Македонија. Во овој случај не е толку битно дали српските владици до 1941г. биле вклучени во пропагандата за посрбување на Македонците, како што не е толку битно тоа што патријархот Гаврил ѝ вели на делегацијата македонски свештеници дека никој не ги принудува како Македонци во етнички смисол да го менуваат своето национално чувство[41]. Битно е што Црквата во Н.Р. Македонија од 1945г. de facto е без епископ, ниту еден епископ не се споменува на Литургија што секако е потполно нецрковно[42]. Нема Црква без епископ, како и што не може да се служи Литургија, ако таа не ја служи епископ, или свештеник, но во името на епископот. Но, г-динот Доне Илиевски, подоцнежен секретар во Комисијата за верски прашања на Македонија, идеологот на автокефалијата, како сам себеси се нарекува[43], во врска со настаните околу формирањето на иницијативниот одбор врз презвитеријанска основа ќе рече: „Тоа е барањето, тоа е желбата, тоа е духот на македонските свештеници и верници, да се опстане, со тоа што ќе се прифати место архиепископ, место владика да се слуша поп, ама да биде македонски. Тоа е една карактеристика на Македонската Црква која останува како историски факт.[44]" Вистина тој е голем историски факт, но за да се докаже спротивното, да се докаже неканонската постапка на Иницијативниот одбор и притисокот на комунистичката власт да се добие автокефалност на Црквата во Македонија.

Под голем притисок на безбожната комунистичка власт, скопскиот Митрополит Јосиф преќутно е разрешен од должноста, иако не ја губи титулата. Патријархот Викентиј станува администратор на сите епархии во Македонија. Но, уште поголем притисок е направен врз тогаш викарниот епископ Доситеј, со титула топлички, кој инаку по мајка е Србин, но роден е во Македонија.

[41] Види: Пузовиќ, П., Раскол у Српској православној Цркви (македонско црквено питање), Београд 1997, стр. 30-31.

[42] Исто, стр. 36.

[43] Види: Интервју со Доне Илиевски во Македонско сонце, бр. 415 од 14.06.2002г.

[44] Мемоарите на Доне Илиевски, Македонско сонце, бр. 417 од 28.06.2002г.

Притисокот извршен врз него од комунистите, не е оправдание за неговата неканонска постапка. Имено, тој е поканет да присуствува на црковно - народниот собор закажан за 04.10.1958г. во Охрид. Таму, во една крајно неканонска постапка е избран за Архиепископ охридски и скопски и Митрополит македонски[45]. Неканонски е тоа што е извршен избор без присуство и учество на ниту еден архијереј од православната Црква и второ, еднакво важно или поважно од првото, што таквиот избор е во суштина узурпација на туѓа катедра[46]. На устоличувањето, инсигниите му ги предава свештеник, а жезолот световен. Самата постапка за доаѓање на Доситеј од Белград во Македонија се изведува во најголема тајност[47]. Ако не било тоа противканонски, зошто тогаш толку голема тајност?

Претходно, на епископот Доситеј му било ветено дека Владата на СФРЈ ќе издејствува од кај членовите на Соборот на СПЦ да не биде против Доситеја подигната црковно-судска постапка. Всушност, притискот од безбожната комунистичка власт токму и во тоа се состои, да се убедат членовите на Соборот на СПЦ да не превземаат судење против наканонската постапка на епископот Доситеј. Против одлуката на Соборот на СПЦ одржан од 3-19 јуни 1959г., викарниот епископ топлички г. Доситеј да биде избран за

[45] Колку да се помни, Вториот црковно-народен собор одржан е во хотелот „Орце Николов" во Охрид, ниту во црква, ниту во црковни простории како што тоа приличи, а само во моментот на потпишување на Одлуката се отишло во храмот Св. Софија во Охрид.

[46] Треба да се подвлече тоа дека во тоа време со епархиите во Македонија администрирал патријархот Викентиј. Така, изборот на викарниот епископ топлички г. Доситеј за епархиски архијереј во Македонија е потполно неканонски. За таквата постапка каноните предвидуваат најстрога казна, разрешување односно расчинување. Види: 15-ти канон од I Вселенски собор, 17-тиот канон на V-VI Вселенски собор, 16-ти од Антиохијскиот синод.

[47] Доне Илиевски, тогашен секретар во Верската комисија во Извршниот совет на Македонија, во неговите мемоари признава дека сé било изведено во најголема тајност. Ден пред одржувањето на црковно народниот собор во Охрид, епископот топлички Доситеј бил во домашен притвор во вилата на Извршниот совет на Македонија во Охрид. Вели Доне Илиевски: „... слезе со воз во Врање (се мисли на епископот Доситеј), каде јас го пречекав со автомобил. Никаде не се јавивме. За неговото доаѓање знаеше само прота Нестор Поповски. Не запревме никаде во Скопје. Во Битола прокаснавме во ресторанот Македонија и отидовме право во Охрид. Таму се сместивме во една вила на Извршниот совет во Горица каде бевме само Доситеј, јас и готвачот. Доситеј немаше никаков контакт со никого. Јас се разбира бев во контакт со челновите на Иницијативниот одобор." Види: Македонско сонце, бр. 418 од 12.07.2002г.

митрополит скопски, биле: епископот рашко - призренски, а сега патријарх српски г.г. Павле и епископот шабачко - ваљевски г. Симеон[48]. Очигледно е дека притисокот на власта успеал, а непоколебливи во спроведувањето на канонската поставеност на Црквата, останале само двајца епископи. Во сиот неуспех, сепак е успех што Соборот успеал да избегне да ги избере за епархиски архијереи, од власта предложените кандидати: прота Нестор Поповски, прота Тома Димовски, јереј Спиро Поповски и професорот во средно училиште г. Влатко Захаровски, сите оженети, а имале согласност од сопругите да се разведат, како се вели во дописот од Скопската епархија, бр. 159 од 16.05.1958 г.: „заради високиот црковен и народен интерес". Во колку се случеше тоа, да се бираат за епископи оженети кандидати, тоа би било преседан во историајта на православната Црква од после VI Вселенски Собор.

Веројатно не ќе може да се докаже со што комунистите го уцениле епископот Доситеј. Постои записник во архивата на СПЦ, во кој се цитира она што Доситеј го изјавил на седница на Светиот Синод на СПЦ, одржана на 29.09.1958г. На 27.09.1958г., тој бил повикан во Извршниот совет на СФРЈ и таму се сретнал со Страхил Гигов, претседател на верската комисија на Владата на Македонија, кој му кажал дека е испратен од претседателот на Собранието на Македонија Лазар Колишевски и дека му ја пренесува поканата упатена од него да присуствува на црковно-народиот собор кој треба да се одржи во Охрид на 04.10.1958 г. Било разговарано и за многу други работи, за кои епископот Доситеј, на седницата на Светиот Синод на СПЦ, рекол дека не може да говори. На крајот рекол: Сакал или не сакал, јас морам да одам[49].

Од еклисиолошко-канонски аспект, црковно-народниот собор во Охрид, одржан на 04.10.1958г. е потполно нелегитимен. Меѓутоа, под голем притисок на власта, Соборот на СПЦ, одржан од 3-19 јуни 1959 г., попушта и прифаќа дел од одлуките, со што практично

[48] Записник од соборот на СПЦ, АС Бр. 34/ зап. 62.

[49] Записник, Син. бр. 2721/ зап. 656 од 29.09.1958г.

се дава автономија на Црквата во Македонија. Тешко е од оваа преспектива да судиме колку Соборот погрешил што прифатил одлуки од неканонско собрание. Но, епископот Дионисиј од американската епархија на СПЦ, врз кого не можело да се изврши притисок од комуњарите, не ги прифатил одлуките на Соборот со кои СПЦ му дава легитимитет на потполно не легитимниот црковно - народен собор.

Брзо после хиротонијата на уште двајца епископи во Македонија, се виде зошто толку власта притискаше Црквата во Македонија да добие автономија. На 16.07.1960г. митрополитот Доситеј го известува патријархот Герман дека се подига прва македонска црква во Винсдор Канада и Колумбос Охајо, а на 17.11.1960г. го известува дека делегација на МПЦ ја посетила Австралија и злетовско - струмичкиот епископ Наум, осветил црква во Мелбурн. Тоа предизвика реакција од Вселенската патријаршија под чија јурисдикција се Грците во Австралија и Вселенскиот патријарх Атинагора, кој колку за потсетување беше архиѓакон во храмот Св. вмч. Димитриј во Битола, на 01.02.1961г. со писмо го прашува патријархот Герман, кој е тој епископ кој на христијаните кои „скоро сите се од Грција и следствено од уште една причина потпаѓаат под канонска јурисдикција на Грчката архиепископија за Австалија и Нов Зеланд[50]", им осветил црква? Всушност, Извршниот совет во тогашна Македонија, притискал за автономна Црква, не затоа што многу ја сакал Црквата, туку за да може да се организираат црковни општини во дијаспората и преку нив да се контролира истата, бидејќи луѓето во дијаспората во главно беа антикомунисти, па државата немаше друг механизам да ги контролира освен преку Црквата.

Од еклисиолошко-канонски аспект, учесниците на црковно - народниот собор во Македонија не знаеле што значи ниту автономија, а ниту автокефалија. Од 1958г, па до наше време, не е

---

[50] Акт, Син. бр. 515 од 22.02.1960г.

напишан ниту текст за еклисиолошкиот или канонскиот аспект на автономијата или автокефалијата. Пред две години, нашата смиреност публикува една колумна во дневниот печат, насловена: „Автономија и автокефалија“, во која се обидовме за прв пат да објасниме на јавноста дека секоја епархија на извесен начин е автокефална, а на друг начин цела една помесна Црква, составена од многу епархии, не е ниту автономна во колку го прекрши принципот на соборноста. За правата Црква, прашањето за автономија и автокефалија е излишно. Меѓутоа, комунистичката власт во Македонија, воопшто не ја интересираше богословско-правниот аспект и таа упорно вршеше притисок врз тогаш веќе автономната Црква во Македонија по секоја цена да бара потполно отцепување од СПЦ. Таквата иницијатива наиде на противење дури и во Сојузот на свештеничкото здружение за кое се знае дека беше под влијание на власта. На пр. прота Крстан Бијељац бара објаснување од прота Нестор Поповски, тогашен секретар на митрополитот Доситеј, дали автокефалија бара Црквата или државата, на што добива одговор дека тоа го бараат и едната и другата.

Власта во тогашна СФРЈ имаше две цели по однос на Црквата. Едната, која најдиректно ја спроведуваше Извршниот совет на Македонија беше Црквата да биде исползувана за политички цели. Преку Црквата да се контролира дијаспората. Другата цел беше онаа на Тито и на Извршниот совет на СФРЈ, да се намали влијанието на СПЦ и постепено да се деградира и уништува. Никако поинаку не може да се објасни фактот што комунистите, кои насекаде во светот ги уништуваа црквите, тука во Југославија, а особено во Македонија да создаваат Црква. Преку делбата на Црквата, всушност тие сакаа да ја уништат, зашто на сите им е познато дека тоа е идеологија на комунизмот. Во Македонија тоа им успеа како што се гледа и од зборовите на секретарот во Верската комисија, „другарот“ Доне Илиевски, кој е идеолог на автокефалијата, а со тоа и на расколот. Во своите мемоари неодамна

објавени, тој за протојерејот Нестор Поповски, претседател на Иницијативниот одбор од 1945г., и за соработката со Инцијативниот одобр вели: „Месец дена пред неговата смрт (на Нестор Поповски), се видов со него, го посетив дома и ми рече: Е, другар Доне, откако дојде ти, ние ниту едно писмо не испративме без да го видиш и ти, и не направивме ниту една грешка, ни црковна ни политичка. Соработката беше добра. Јас, колку што бев во Комисијата, толку бев и во Митрополијата... Фактички, јас иако бев во Комисијата, учествував како дел од тој Иницијативен одобор.[51]" До скоро многумина веројатно со право претпоставуваа дека автокефалијата на МПЦ е решение на тогашниот Извршен совет на Македонија. Меѓутоа, после објавувањето на Мемоарите на г-динот Доне Илиевски во 2002 година, веќе со сигурност се знае дека токму тој ја добил задачата да ја растура Црквата и да предизвика раскол. На голема жалост, потполно опрелестен, тој го смета предизвиканиот раскол за најголемо негово животно дело.

Пред редовното заседание на Светиот архиерејски собор на СПЦ, претседателот на Извршниот совет на Србија Драги Стаменковиќ го повика патријархот Герман на 05.05.1967г. на прием во Извршниот совет за да врши притисок на Црквата во Македонија да ѝ се даде автокефалност. Меѓутоа, патријархот Герман му одговори: „Вие велите дека треба да бидат задоволени. А, дали нас Србите во оваа земја нѐ прашувате дали постоиме и дали некој и нас треба да нѐ задоволи? Кој е иницијатор на сево ова, ние или тие? Ние сакавме да ги задоволиме и тоа беше направено, но од нас сега се бара да извршиме самоубиство. Не, ние тоа нема да го направиме и ако тие сами прогласат автокефалија, отворено Ви велам дека ќе го дадеме Доситеја пред суд, па што ќе му даде Бог и тој суд.[52]" Професорите, пак, од светски глас, Сегеј Тројицики и Благота Гардашевиќ, пред одржувањето на Архиерејскиот собор,

[51] Мемоарите на Доне Илиевски, Македонско сонце, бр. 417 од 28.06.2002г.

[52] Акт, Син. бр. 1785, од 17.05.1967.

поднесоа реферат, за што претходно беа задолжени, а во кој констатираат дека архијереите во Македонија не ги познаваат црковните канони, свесно ги кршат истите како и положената архиерејска заклетва, соработуваат со државните власти за разграничување на црковните организации и „ако на црковно-народен собор прогласат автокефалија на Црквата, таа ќе се смета не само од СПЦ, туку и од сите други православни Цркви за расколничка организација.[53]" Во одлуката, пак, на Соборот на СПЦ каде се одбива барањето на МПЦ да биде автокефална Црква, помеѓу останатите аргументи: недоволен број на архијереи, недоволен број на свештенослужители во соодност со постоечките црковни општини и верски објекти, храмови и манастири, немање на црковно-образовни институции и др., се вели дека МПЦ не располага ниту со јерархија која е доволно „способна да ја води Црквата"[54]. Тоа е веројатно и најважниот услов за стекнување на автокефалија. Онаа Црква која е мајка, која ја дава значи автокефалијата треба да има доверба во архијереите на Црквата на која ѝ дава автокефалија. Сите други услови се дополнителни. Ако се нема убеденост дека луѓето кои бараат автокефалија имаат соодветна одговорност, но и способност и вера и знаење да управуваат автокефално, тогаш ниту еден друг надворешен услов не е доволен. Колку се, пак, архијереите на МПЦ на нивото на потребната одговорност покажаа во настаните околу протерувањето на Митрополитот велески и повардарски Јован од неговата катедра во јули 2002г. после пристапувањето на неговата митрополија во литургиско и канонско единство со СПЦ. Синодот на МПЦ донесе потполно неканонска и неуставна одлука дури и според нивниот Устав, митрополитот Јован без Црковен суд и пресуда да биде разрешен од должноста епархиски архиереј на Повардарската митрополија и истата со политички методи, со присила на полици-

[53] Акт, Син. бр. 1006/зап. 149, од 10.03.1967г.
[54] Записник АС бр. 44/зап.10, од 24/11.05.1967г.

јата и со вперен пиштол во челото, насилнички ја спроведе, а со тоа продолжи да прави непростливи гревови кон Црквата Божја како оној со расколот кој ниту маченичката крв не може да го испере[55].

На голема несреќа, црковно-народниот собор свикан од 16-19.07.1967г. во Охрид на пучистички начин, доследно на претходните црковно-народни собори, значи потполно неканонски и без никаква врска со црковното учење, прогласи автокефалност на Црквата во Македонија. Да му се даде на црковно-народниот собор толкава власт, да прогласува или укинува автокефалија, навистина е големо незнаење и неупатеност на епископатот кој учествувал на тој црковно-народен собор. На епископите, а не на некаков народен собор, им припаѓа врховната власт да се грижат за верата. Никаде во Православната Црква не е можно некаков народен собор да има поголема власт за прашања од верата и црковниот поредок, од Соборот на Архијереите. Фактички, еден народен собор на луѓе кои живеат во комунистичко општество, па ако сака нека биде тој наречен и црковно-народен, во кој архијереите се малцинство (само четворица од вкупно триесет и четворица), одлучува за толку важно прашање какво што е автокефалијата на Црквата. Триесет и четири луѓе од цела Македонија одлучуваат Црквата во Македонија да ја втурнат во раскол. Тоа е краен тоталитаризам соодветен на времето во кое се живеело. Меѓутоа, ниту самите членови на црквно-народниот собор не беа убедени дека нивната одлука е валидна и полноважна. Затоа што ако во тоа беа убедени, зошто тогаш беше потребно повторно да бараат признавање од Архиерејскиот Собор на СПЦ?

На тоа веднаш реагираше Архиерејскиот собор на СПЦ кој вонредно заседаваше на 14.09.1967 г. со единствена точка на дневниот ред: Прогласувањето на автокефалноста на МПЦ, и го прекина

[55] За оние кои не се во единство со Црквата, Св. Кипријан вели: „Дури и ако таквите претрпат смрт заради исповедање на Неговото име, флеката нема да им се измие ниту од самата крв. Тешката вина за расколот не се очистува ниту со страдање". Кипријан Картагенски, Св., За единството на Църквата, София 2000, стр. 17

секое богослужбено и канонско општење со јерархијата во Македонија, нарекувајќи ја црквата во Македонија расколничка верска организација и задолжувајќи го Синодот на СПЦ да поведе црковно судска постапка против виновниците за расколот[56]. Во образложението на одлуката од Соборот на СПЦ се вели дека самото прогласување на автокефалијата е не само неканонско туку и спротивно на Уставот на МПЦ, зашто во ниту еден член уставот на Македонската Црква не предвидува ниту самопроглсување на автокефалија, ниту пак, прогласување на автокефалија од некаков црковно-народен собор. Се приметува дека е неточно она што е напишано во актот бр. 141 од 1967г. со кој МПЦ известува дека прогласила автокефалија. Имено, Охридската архиепископија никогаш не била автокефална од аспект на денешното разбирање на автокефалијата и дека никогаш не била национална Црква на македонскиот народ. Доказ за тоа е што охридскиот архиепископ Теофан бил суден и осуден од Собор на Константинополската патријаршија на кој претседавал патријахот Дионисиј IV, и дека на негово место бил поставен софискиот митрополит Мелентиј. Архиепископите на охридската архиепископија, па дури и оние кои биле по род Словени, се потпишувале: Прохор, по милоста Божја, архиепископ на I Јустинијана, Србите, Бугарите итн.; или Гаврил, по милоста Божја архиепископ на I Јустинијана, Охрид и на сите Бугари, Срби, Арбанаси, Молдовласи, итн., но ниту еден од Охридските архиепископи не се потпишал како архиепископ Македонски. Не им е непознато, се вели во образложението на одлуката на архијереите на МПЦ дека СР Македонија не е држава, туку е само федерален дел на државата со ограничен суверенитет. Наведуваќи ги гореспоменатите услови со историски и политички карактер релевантни за стекнување на автокефалијата, архиереите на МПЦ се покажуваат незрели  и недораснати да водат една

[56] Записник АС бр. 50/зап.7, од 15.09.1967г.

автокефална Црква. Друго нешто што исто така е многу важно е тоа што според Светото Писмо, „никој сам за себе не присвојува чест“ (Евр. 5:4), како и дека: „никој не може на другите да им даде повеќе права од оние што сам ги има“, што веќе постанало аксиома во сите позитивни права. Право е само на автокефална Црква да даде на некој нејзин дел автокефалија. Не може некој дел од автокефална Црква, сам да си прогласи автокефалност, од било кои причини, а најмалку од етнофилетистички. Според Св. Василиј (канон I), сите оние кои одстапуваат од законитата црковна јерархија, го рушат црковното единство, без оглед на тоа што по прашањата од верата учат како Православната Црква. На крај, што би останало од Православната Црква ако секоја етничка група си прогласи автокефалност?[57]

За ваквото разградување на Црквата, другарот Тито го одликува митрополитот Доситеј со „орден на југословенското знаме со лента[58]“, а останатите, пак, сестрински православни Цркви го осудија пучистичкиот акт на прогласување на автокефалија без согласност на мајката Црква и го прекинаа литугиско-канонското општење со јерархијата на Македонската православна Црква.

На 19.03.1968г. Светиот архиерејски синод на СПЦ, ја извршува одлуката на Архиерејскиот Собор од 15.09.1967г. и го донесува следново решение:

„1. Се ставаат под канонски црковен суд и се наредува подигање на постапка против виновниците за создавањето на верската расколничка организација во Православната Црква во Македонија и тоа:

Неговото високопреосвештенство митрополитот скопски г. Доситеј,
Неговото преосвештенство епископот битолски г. Климент
Неговото преосвештенство епископот злетовско-струмички г. Наум
Викарниот епископ велички г. Методиј и

[57] За сево ова се зборува во образложението на: Акт, Син. бр. 50/зап.7, од 15/2.09.1967г.
[58] Слијепчевић., Ђ., Македонско црквено питање, Минхен 1969, стр. 75.

Епископот америчко-канадски и австралиски г. Кирил.

2. За водење на постапката и поднесување на тужба се одредува Неговото преосвештенство епископот жички г. Василиј, на кого треба да му се предаде сиот тужбен материјал за употреба.[59]"

Не треба многу да се знае од историјата на настаните во тоа време, за да се заклучи дека автокефалијата на МПЦ е исклучиво политичка одлука. Комунистите кои насекаде во светот ја уништуваа живата Црква, храмовите и манастирите претварајќи ги во коњушници и магацини, во Македонија ја иницираа и ја помагаа схизмата заради две причини. Прво затоа што единствено преку Црквата можеа да ја контролираат дијаспората која беше крајно антикомунистички расположена, и второ, правејќи и поддржувајќи раскол во Црквата, да ја ослабат до крајни граници за да можат полесно да ја уништуваат. Самиот Митрополит Скопски г. Доситеј во разговор со Синодот на СПЦ на 18.11.1966 г. изјавил: „Решивме од СПЦ да бараме автокефалност. Таа наша одлука ние ја доставивме на Извршниот совет на Македонија. Тој нејзе ѝ посвети една седница и ни соопшти дека не сме на погрешен пат кога бараме црковна автокефалност.[60]"

Донесувајќи политичка одлука, Извршниот совет на Македонија, сосем неприродно, почна да ја штити самата Црква од Црквата. Како сите други Цркви да сакаа да ја уништат Црквата во Македонија, а само најголемите „црквољупци", комуњарите се ставија во нејзина заштита. Уште повеќе од тоа. Самата одлука на Извршниот совет на Македонија веќе беше противуставен акт. Во тогашна СФРЈ, државата беше одвоена од Црквата и секое мешање на државата во Црквата беше противуставен и противзаконски акт, согласно Основниот закон за положбата на верските заедници (Сл. лист СФРЈ од 10.03.1965г. бр. 10 стр. 295). Но, таквата противуставна поддршка која Извршниот совет на Македонија ѝ ја даваше на

[59] Акт, Син. бр. 1150/зап. 142, од 19.03.1968г.

[60] Записник АС бр. 44/зап.10, од 24/11.05.1967г.

Црквата во Македонија беше потхранувана како што веќе рековме од највисокото раководство на Југославија, а со единствена цел, правејќи раскол во Црквата полесно да ја уништат.

Меѓутоа, во 30-тото апостолско правило се вели: „Ако некој епископ се послужи со световните власти за преку нив да добие Црква, нека се расчини, па дури и одлачи, а исто така и оние кои со него општат.“ Ова апостолско правило, од збор до збор е повторено во третиот канон од VII Вселенски собор. Тоа што Доне Илиевски, тогашен секретар во Комисијата за односи со верските заедници во Македонија го пишува во неговата книга: „Смислата на некои отпори против автокефалијата на МПЦ“, дека СПЦ во 1958 г. на МПЦ ѝ признала автокефалија, а не автономија е крајно неиздржано и неговата книга не само што нема никаква научна основа, туку не е ништо повеќе од обичен политички памфлет. Факт е дека тој ја доби задачата од Извршниот совет на Н.Р. Македонија, да ја организира автокефалијата, да направи раскол и да ја ослаби позицијата на Православнта Црква во СФРЈ, но не само што тоа не го прави достоен пред наредните поколенија, туку по сé изгледа дека човекот не беше ниту психолошки ниту интелектуално подготвен за едно такво злодело. Да се обидеш само да помислиш дека СПЦ не ѝ дала на МПЦ автономија туку автокефалија веќе е погрешно, а камоли да се обидуваш да докажуваш дека зборот: самостојност, употребен во Одлукта за признавање на автономијта на МПЦ од страна на СПЦ, значел автокефалност. Иако сосем се согласуваме дека автономијата и автокефалијата еклисиолошки, па дури и лексички и правно-политички многу не се разликуваат и дека згора на тоа учењето за Црквата на православните не го познава проблемот на автокефалија и автономија, како што веќе сме пишувале[61], не можеме никако да се согласиме дека СПЦ во 1958 г. ѝ дала на МПЦ автокефалија. Ако е донекаде оправдано за Доне

[61] Види во дневниот печат, Дневник од 05.02.2000г., наша колумна: Автокефалија и автономија.

Илиевски така да размислува и така да пишува, од една страна затоа што не е теолог, од друга затоа што е комунист, не е оправдано аргументите употребени во неговата книга да се ползуваат за докажување дека дадената автономија во педесет и осмата била рамна на автокефалија[62]. И покрај тоа што многу лукаво, како соучесник во пишувањето на Уставот на МПЦ, г-динот Доне Илиевски имал намера на СПЦ да ѝ подметне текст со кој тој и неговите истомисленици ќе имаат аргументи да докажуваат дека СПЦ всушност ѝ признала автокефалија на МПЦ, Соборот на СПЦ не ја одобрува првата верзија на Уставот од 1958 г. и бара од МПЦ да го преработи. Меѓутоа, дури и под услов Српската Црква да наседнела на едно лукаво подметнување, значи ли тоа по автоматизам дека она што е спротивно на црковното учење, спротивно на канонite на Црквата, спротивно дури и на однесувањето и моралот на православните христијани ќе може да биде прифатено и да заживее во пракса? Можеби за Доне Илиевски кој се јавува во улога на адвокат на МПЦ[63], а кому потполно му е непозната еклисиологијата на Православната Црква доволно е да се има лист харитија кој после ќе биде подложен на различни видови толкувања, меѓутоа, вистинскиот критериум за прифаќање на некоја одлука во Црквата од секогаш бил литургискиот, а не правниот. Не значи тоа дека не е потребен административен и канонски поредок, но она што ја прави Црквата различна од институциите во овој свет е нејзината есхатолошка природа, идентитетот кој го црпи од Царството Божјо, а не од некои правни акти и клаузули. Згора на сето тоа Доне Илиевски во горенаведената книга се обидува да докаже дека Црквата на многу пати во историјата ја ползувала државата за остварување на некои нејзини цели. Тоа го правела и СПЦ, вели тој и наведува неколку случаи за тоа. Зошто тогаш ѝ се

[62] Види: Илиевски, Д., Смислата на некои отпори против автокефалијата на МПЦ, Скопје 1970, стр. 91-113.

[63] Треба да се има во предвид дека во тоа време МПЦ немала кадар кој можел богословски и канонски-правно да ја брани автокефалијата, па очигледно широкоградо ја прифатила услугата од еден комуњар каков што бил Доне Илиевски.

замерува на Црквата во Македонија што ја исползувала власта за да прогласи автокефалија на Црквата?[64] Нема ништо лошо во тоа Црквата да биде во симфонија со државата, за државата да стане Црква, меѓутоа можно ли е да се има поддршка од една атеистичка држава каква што беше комунистичка Југославија, а при тоа таа да не биде злоупотребена и употребена за разградување на Црквата?

Во годините од 1968 до 1977 не може да се рече дека се водени разговори за надминување на расколот колку што може да се рече дека се направени неколку средби под голем притисок на тогашната комунистичка власт, сé само да изгледа дека се водат некакви разговори за да не дојде до најавеното судење на епископатот на МПЦ. Дури во 1978 г. доаѓа до средба на комисии од СПЦ и МПЦ во манастирот Св. Прохор Пчински, по молба на Македонската Црква од 22.04.1977г. за признавање на нејзината автокефалност. Комисиите се состанале и по втор пат на 17 и 19.09.1979г. во манастирот Св. Богородица во Калишта кај Струга, но ниту привиот, ниту вториот пат Македонскта Црква не се покајала за извршениот противканонски и пучистички чин, па разговорите биле неуспешни.

На 20.05.1981г. се упокоил архиепископот Доситеј. Новоизбраниот архиепископ Ангеларij на 01.02.1982 г. со акт бр. 37, побарал од СПЦ да ѝ признае автокефалност на МПЦ, но Соборот на СПЦ во мај истата година одлучува негативно по тоа прашање. Така, прашањето за признавањето на автокефалијата на МПЦ не е решено и во времето на архиепископот Ангеларij кој барајќи признавање и од претстоителите на другите православни Цркви добил одговор дека е тоа внатрешно прашање на СПЦ.

Во 1990г. СПЦ прави неколку обиди за продолжување на разговорите со МПЦ, меѓутоа, заради многу несредени работи тогаш во Синодот на МПЦ, тогашниот архиепископ Гаврил избегнува да дојде до средба на комисиите. Прва средба на двете

---

[64] Види: Илиевски, Д., Смислата на некои отпори против автокефалијата на МПЦ, Скопје 1970, стр. 145-167.

комисии направена е на 03.03.1992 г. во Белград, а разговорите се продолжени на 15 и 16.04.1992 г. во манастирот Св. Богородица во Калишта. Но, како и сите претходни обиди сé е безполезно. СПЦ бара покајание, МПЦ бара автокефалија.

После тоа нема никакви званични средби ниту на ниво на комисии, ниту на некое друго ниво, сé до 1998 г. кога за помошен епископ на преспанско - пелагониската митрополија хиротонисана е нашата смиреност. Само после еден месец после нашата хиротонија успеавме да воспоставиме контакт со Неговото блаженство, Архиепископот Атински и на цела Грција г.г. Христодулос и да договориме средба на една наша делегација со него. На средбата со грчкиот архиепископ што беше прва после многу децении, зашто ниту еден предстоител на помесните Цркви не сакаше да прими делегација од МПЦ, беше побарано архиепископот да посредува кај СПЦ за МПЦ. Тоа и беше направено и многу брзо после тоа интензивно продолжија да се водат разговори меѓу комисиите на СПЦ и МПЦ. Така, низ преговори се дојде до едно многу прифатливо решение кое е познато како Нишка согласнот, бидејќи беше потпишано од членовите на комисиите на СПЦ и МПЦ на средбата во Ниш, на 17.05.2002 г. Согласноста предвидуваше решение на две базични прашања. Статусот на Црквата во Македонија да биде автономен и името на Црквата да биде Охридска Архиепископија. Тоа во суштина беше оптимално решение, зашто на сите им е познато дека не е можно да биде прифатена една автокефалија која е произведена на пучистички начин, без претходно да го помине статусот на автономија, но исто така не е можно да биде прифатено и името Македонската Православна Црква од страна на сите православни Цркви, кога се знае дека поголемиот дел на географска Македонија е во Грција, па Грчките Цркви не се согласуваат само Црквата на територијата на денешна Р. Македонија да го има ексклузивното право да се нарече Македонска.

Иако потпишаа, тројцата митрополити на МПЦ, австралискиот

Петар, дебарско - кичевскиот Тимотеј и струмичкиот Наум, тие ги повлекоа потписите и се откажаа од Согласноста под притисок на новинарите. Синодот на МПЦ одлучи да не ја прифати Нишката согласност. На таа седница на Синодот на која се одлучуваше за прифаќање на Нишкиот договор не беше присутна нашата смиреност бидејќи бевме на поклоничко патување низ Грција со студентите на богословскиот факултет организирано од Синодот на ГПЦ. Откако се вративме, после консултација со некои членови на Синодот на МПЦ, отидовме во Белград на средба со Синодот на СПЦ, да бараме решение за новонастанатата состојба. Најдобро изгледаше решението, СПЦ да упати поединечен повик до архиереите, свештенството, монаштвото и побожниот народ во Р. Македонија за пристапување кон литургиско и канонско единство со СПЦ, а преку неа и со сите православни Цркви. Иако лично нас ни беше ветено од страна на уште неколку архиереи во МПЦ дека ќе одговорат позитивно на таквиот повик, нашиот одговор како митрополит на велеската и повардарска света митрополија заедно со целокупното свештенство и побожниот народ остана осамен. На 22.06.2002г. со писмен акт од страна на Српскиот патријарх г.г. Павле бевме примени во литургиско и канонско единство со СПЦ и преку неа со целата православна икумена. Но, на 06.07.2002 г. по одлука на САС на МПЦ од 05.07.2002 г., според која митрополитот Јован е разрешен „од должноста епархиски архиереј на Повардарската епархија“[65], полицијта на Р. Македонија, спротивно на Уставот на Р. Македонија, по кој Црквата е оддвоена од државата, ја спроведе одлуката на Синодот на МПЦ и нé прогна од резиденцијата на велеската и повардарска света митрополија. За неканонската одлука на МПЦ и тортурите извршени врз нас и нашите соработници од страна на државните органи ќе говориме на друго место.

Првата Литругија на единство со СПЦ и преку неа со целата

---

[65] Одлука на САС на МПЦ бр.161 од 05.07.2002г.

православна Црква беше во манастирот Копорин, на 600 - годишницата од подигнувањето на манастирот, заедно со Патријархот Српски г.г. Павле, епископот домаќин, браничевскиот Игнатиј и други епископи, негови гости. Со тоа и практично се запечати литургиското и канонско единство кое заради несаканите случувања врзани со нашето прогонство се случи дури на 01.08.2002г., повеќе од месец дена после писменото соопштение дека сме примени во единство.

Откако се виде дека нема изгледи брзо да се променат настаните и дека останатиот дел од епископатот на расколничката Црква во Македонија нема намера да одговори на повикот на Патријархот Павле, Синодот на СПЦ одлучи да се свика вонреден архиерејски собор по ова прашање. Соборот се одржа на 23 и 24.09.2002 г. во Патријаршијата во Белград и се одлучи на нашата смиреност да ѝ биде доделена титулата егзарх на Неговата светост патријархот српски и на охридскиот трон, заедно со постоечката митрополит велески и повардарски. Тоа значи дека ни беше дадена канонска можност да администрираме со епархиите во Р. Македонија, богослужејќи и организирајќи го црковниот живот во нив. Тоа секако ќе биде тешко, но за Бога ништо не е невозможно.

### 3. Резиме

Еклисиологијата на Православната Црква не познава проблем наречен автономија или автокефалија. Тоа е вештачки проблем наметнат со осамостојувањето на балканските држави во 19-тиот век. Ниту може една помесна Црква да биде Црква, ако не е автономна па дури и автокефална (во буквално значење на зборот) од другите Цркви, ниту пак, може да биде Црква, ако потполно се издвоила од другите Цркви и нема општење со нив. За Црквата да биде Црква треба да биде во литургиско и канонско општење со другите помесни Цркви, без разлика на начинот на организациона

поставеност.

Схизмите мотивирани од националфилетистички побуди се карактеристика на животот на Црквата во 19-тиот и 20-тиот век. Тие се веројатно најнеразумните и најбесмислените схизми во историјата на Црквата. Нивниот мотив за да егзистираат е потполно нецрковен и е плод на декаденцијата на верата после притисоците во отоманското и комунистичкото ропство.

Расколот е спротивставеност на Црквата. Затоа во него нема спасение. Може расколниците да го прифатиле интегралниот текст на Светото Писмо, може да мислат дека ја чуваат истата вера и истите догмати како и православните, може да имаат свети тајни кои скоро по ништо нема да се разликуваат од оние на Црквата, но и покрај сѐ немаат спасение. Само заради тоа што се надвор од телото на Црквата. Догматите имаат основа и се потврдуваат единствено во соборноста на Црквата. Надвор од Црквата, учењето за верата се едначи со философија. Затоа, без разлика што расколниците сметаат дека православно веруваат, нивната вера е неплодотворна бидејќи не е потврдена од соборноста на Црквата, а без тој критериум многу лесно може да се прими кривоверие, односно ерес. Најчесто, сите схизми, во колку не се исцелат на време, завршуваат во ерес.

Схизмата која ѝ се случи на Црквата во Р. Македонија во 1967г. е од политички каратер. Сметаме дека за пучистичкиот акт на самопрогласување на автокефалија постоеле две причини. Прво, да се задоволи потребата на тогашната комунистичка власт преку Црквата да ја контролира дијаспората која во тоа време не можеше на ниту еден друг начин да биде контролирана бидејќи беше антикомунистички расположена, и второ, да се намали моќта на СПЦ со тоа што ќе се оддели еден нејзин дел и ќе се направи долгогодишен раздор во телото на Црквата. Тука не би го броеле како причина давањето на национален идентитет на народот во новонастанатата Република, преку Црквата, зашто и покрај тоа

што Црквата, особено на балканските простори била чувар и на националниот идентитет на некој народ, сепак нејзината улога и смисла не е во тоа.

Црквата на територијата на Р. Македонија во периодот на нејзиното еднострано одделување од телото на Правславната Црква, навистина и немаше капацитет за автокефално управување. Пред сé епископатот не беше на потребното духовно и интелектуално ниво да може да раководи со автокефална Црква. За голема жал, тоа по сé изгледа продолжува до наше време, за што доказ е повлекувањето на потписите од Нишкиот договор[66]. Згора на сето тоа, во Синодот на расколничката организација уште од 1967г. има епископи кои имаа канонски пречки да бидат во било кој свештенички чин, а камоли да бидат епископи.

За голема среќа за целата Православна Црква во икумената, расколот со Црквата во Р. Македонија се реши на 22.06.2002г., кога Неговата Светост, патријархот српски г.г. Павле, ја прими велеската и повардарска света митрополија, епископувана од митрополитот Јован, во литургиско и канонско единство со СПЦ и преку неа со сите останати православни Цркви во светот. Така, сега на територијата на Р. Македонија има канонски призната Православна Црква, Охридска архиепископија.

Со право се очекува XXI век да биде век на Православието. Последниве неколку векови, Православната Црква претрпе многу притисоци и потпаѓаше под многу влијанија. Повеќето од земјите со православна вероисповед поминаа низ николкукратни ропства. Немаше услови за слободно развивање на православната теологија, ниту за влијание на Православната Црква во општествениот живот. Сега Црквата надворешно е слободна. Надворешните непријатели

[66] „Никој нека не мисли дека добрите можат да се одделат од Црквата. Ветерот не ја развејува пченицата. Само запустените плевели бидуваат однесени од виорот... Се одделуваат оние, кои без Божјото распоредување, самоволно примаат началство над безрасудни собори, без законито посветување, себе си се поставуваат за водачи, си го присвојуваат звањето Епископ, иако никој не им дава епископство". Кипријан Картагенски, Св., За единството на Църквата, София 2000, стр. 40-41.

постануваат сé понемоќни, меѓутоа, сега останува да ги реши внатрешните проблеми за да може да настапи во XXI век како религија на иднината на светот. Од внатрешните непријатели секако дека најголем е расколот. Иако веќе рековме дека секоја градација на расколите би била непрецизна и произволна, бидејќи скоро и да нема поголем и помал раскол (веќе се повикавме на Св. Кипријан кој вели дека бројката на расколниците нема никакво значење), сепак би можеле да речеме дека најнеоснован, најнеиздржан, најпротиставен е расколот од етнофилетистички причини. За голема жал, нејголем број на расколи во нашава современост се токму од етнофилетистички побуди, меѓу кои оној на кого му посветувме внимание во овој труд.

**Библиографија која се однесува на поглавјето за историско - политичкиот дел на расколот:**


Αγγελόπουλου, Αθ., Το Αυτοκέφαλον της «Μακεδονικὴς» Ορθοδόξου Εκκλησίας, επί τη βάση των αποφάσεων της εκτάκτου Συνόδου της Ιεραρχίας της Σερβικής Ορθοδόξου Εκκλησίας, Θεσσαλονίκη 1967.

Αγγελόπουλου, Αθ., Ο κόσμος της Ορθοδοξίας, Σερβική Ορθόδοξος Εκκλησία στο παρελθόν και στο παρ–ν, Θεσσαλονίκη 1984.

Λόης, Γ. Ν., Το Μακεδονικό ζήτημα (από πολιτικής και εκκλησιαστικής πλευράς στην Γιουγκοσλαβία, 1918–1991), Αθήνα 2002.

Ταρνανίδη, Ιω., Στα Βόρεια της Μακεδονίας, Θεσσαλονίκη 1992.

Ταρνανίδη, Ιω., Οι «κατα Μακεδονίαν σκλαβήνοι» ιστορική πορεία και σύγχρονα προβλήματα προσαρμογής, Θεσσαλονίκη 2001.

Белчовски, Ј., Историските основи за автокефалноста на Македонската Православна Црква, Скопје 1990.

Димевски, С., Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989.

Илиевски, Д., Смислата на некои отпори против автокефалноста на МПЦ, Скопје 1970.

Илиевски, Д., Мемоари, објавени во Македонско сонце, бр. 415-421, Скопје 2002.

Периќ, М., Историско - правните аспекти на односите помеѓу Српската православна Црква и Македонската православна Црква, Скопје 1998.

Пузовић, П., Раскол у Српској Православној Цркви (македонско црквено питање), Београд 1997.

Сљепчевић, Ђ., Македонско црквено питање, Минхен 1969.

+ Митрополит велески и повардарски
и егзарх охридски Јован

Битола
07/25.04/03.2003
Благовештение на Пресвета Богородица